Финансирано од Европската Унија

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ПРЕПОРАКИ

## ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ТРАНСФЕРИ ОД ВЛАДАТА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНИТЕ

Во пресрет на последните локални избори, општините добија значајна финансиска „инјекција“ од Владата за инфраструктурни проекти финансирани од т.н. Унгарски заем. Само во таа година, на општините им беа одобрени проекти од 112 милиони евра, со проекција од Владата дека вкупната поддршка ќе достигне 250 милиони евра во период од три години. Овие средства доведоа до просечно зголемување на износите за капитални расходи на општините од 92 % во изборната година, во однос на реализацијата од претходната година.

Иако инвестиции во локалната инфраструктура се потребни, сепак времето и моделот на нивно спроведување отвораат сериозни прашања за фер и одговорно одобрување и финансирање на вакви проекти на општините.

Истражувањето „Инјекција“ од 112 милиони евра од Владата за општините во годината на локалните избори може да го преземете на македонски, албански и англиски јазик












Истражувањето и анализата на доделувањето на инфраструктурните проекти во општините од владинатапрограма за децентрализација: **„Инјекција“ од 112 милиони евра од Владата за општините во годината на локалните избори“** укажаа на неколку клучни предизвици:

- Одобрување на значителни средства од централната на локалната власт во периодот непосредно пред локалните избори;
- Нееднаква распределба на средствата по жител и по големина, како и исклучување на одредени локални самоуправи;
- Ниско ниво на финансиска реализација и префрлање на средствата за наредната година;
- Класифицирање на проектите како „развојни“ врз основа на нивното повеќегодишно финансирање, иако голем дел од нив се донесуваат на тековна локална инфраструктура;
- Не земање предвид на укажувањата на Фискалниот совет за ризиците што ги вклучуваат овие проекти, односно можноста да се протолкуваат како популистичка мерка пред избори и голем дел од овие средства да не се искористат целосно или да не се искористат ефикасно;
- Значително кратење на средствата веднаш по изборите, од првично планираните и најавувани 250 милиони евра на 149 милиони евра;
- Минимална застапеност на проекти што директно се однесуваат на подобрување на условите за живот и работа на жените, на младите и на маргинализираните групи (помалку од 1 % од вкупниот број проекти);
- Индиции за ризици во јавните набавки и доминација на една или на неколку фирми кои ги добиле договорите за јавни набавки за изградба на проектите.

Овие наоди од истражувањето секако дека не ја доведуваат во прашање потребата од инвестирање во општините и во локалниот развој во земјата. Но, детектираните слабости во последното доделување наваквисредства на општините, како и претходните искуства, ја нагласуваат потребата од попредвидливо,поправично и појасно спроведување на овие проекти, со постабилно буџетско планирање.

На овој начин ќе се овозможи порационално и поцелисходно користење на јавните пари, но ќе се постигне и поголема доверба во институциите и нивна заштита од можната перцепција за злоупотреба на јавните средства за политички цели.

Оттука, овој краток документ предлага конкретни мерки за подобрување на распределбата на средствамза изградба на општинска инфраструктура со воспоставување посуштински критериуми за распределба, попланска распределба на средствата и зајакнување на надзорот.

# ПРЕПОРАКИ

Имајќи ги предвид наодите од истражувањето и загриженоста која ја поттикнаа тајмингот и моделот на доделување на овие средства, се наметнуваат низа препораки за мерки кои треба да се спроведат за да се овозможи фер и одржливо финансирање на инфраструктурни проекти во општините, во интерес на сите граѓани.

## 01

**Изградбата и подобрувањето на локалната инфраструктура треба да се заснова врз предвидлива политика, независно од изборните циклуси.** Ова треба да вклучува стратешко, повеќегодишно планирање и трошење според среднорочна буџетска рамка.

## 02

**Повеќегодишните проекти треба да имаат обезбедено стабилно и обврзувачко финансирање.** Со ова ќе се намалат ризиците за одолговлекување на реализација на проектите и нивно незавршување, а ќе се зајакне и финансискиот кредибилитет на општините.

## 03

**Да се гарантираат еднаков пристап и правична распределба на средствата за сите општини и жители.** Ова би значело земање предвид и на индикатори за регионална, развојна и социјална рамнотежа што ќе придонесе за зголемување на еднаквоста меѓу жителите.

## 04

**„Развојноста" на проектите да зависи од нивното влијание, повеќенаменските ефекти, одржливоста и социо-економското влијание.** На овој начин ќе се стимулираат проекти во насока на развојот, независно од временскиот период на нивно финансирање.

## 05

**Транспарентноста во доделувањето и во спроведување на проектите треба да е поголема и подетална.** Ова значи објавување на оценките од евалуацијата на проектите, причините за прифаќање и за одбивање на апликациите, како и почесто информирање за одобрените, договорените и исплатените износи по општини, како и за напредокот во реализацијата на проектите, за спроведувањето на јавните набавки за проектите и извештаи од евентуални ревизии на проектите.

## 06

**Да се ревидираат правилата за заштита на јавните ресурси од евентуални предизборнизлоупотреби.** Во оваа насока треба да се земат досегашните искуства на формална, но не и суштинска заштита на јавните ресурси и врз таа основа да се изработат нови, порестриктивни правила за трошење, за промовирање на јавни проекти и за подетално информирање за буџетските расходи во предизборните периоди.

Имајќи предвид дека инвестициите во локалната инфраструктура се од суштинско значење за локалниот развој, тие треба навреме и стратешки да се планираат и спроведуваат, да ги намалуваат разликите во и меѓу општините и крајно – да ја зголемуваат довербата на јавноста.

Оттука, овие препораки треба да се разработат во конкретни чекори со детални задачи, временски период на нивно спроведување, надлежни институции и индикатори за успех. Секако, главната о дговорност за спроведување на овие препораки лежи кај Владата, општините, Собранието, Министерството за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија.

Овој извештај е финансиран од Европската унија во рамки на проектот „Фер трошење за фер избори: Следење на јавните набавки на општините во изборната година" спроведуван од Центарот за граѓански комуникации. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.